

# Crystal: Зголемена ефикасност на процесите во Синџирот на Снабдување со EDI и GS1 Стандардите

Со седиште Медеин, Колумбија, Кристал е компанија за производство на текстил и облека со 50 годишно искуство, во чие прортволио на брендови спаѓаат Gef, Punto Blanco, Baby Fresh, Galax и Casino. Брендовите се движечката сила на Кристал и се посветени кон дизајнирањето и развојот на колекции од страна на висококвалификуваните дизајнери, а во согласност со политиката на компанијата за социјална одговорност.

Кристал прави вертикална интеграција на своите операции во рамките на осумте фабрики во Колкумбија, вклучувајќи ги тука капацитетите за ткаење, боење и производство на облека и чорапи.

Петте дистрибутивни центри на Кристал се гаранција на одржувато на конкурентноста и флексибилността при исполнувањето на побарувачката на потрошувачите за производите, кои се дистрибуираат преку трговските франшизи лоцирани на Карибите, Централна и Јужна Америка.

## Можности за напредок

За подобрување на односите со своите трговски партнери, Кристал започна голем проект за поттикнување на стандардизираните процеси кои се потпираат врз електронската размена на податоци (EDI), како и усогласен пристап за постигнување и одржување на квалитет на податоците. Целта на компанијата е да се подобри комуникацијата со деловните партнери и истовремено зголемување на ефикасноста во секоја точка долж синџирот на снабдување.

Кристал започна со развој на менаџментот на документацијата и имплементацијата на EDI, со фокус на користење на GS1 Системот на Стандарди. Целта беше да се обезбеди флексибилен процес на нарачување за да се задоволат специфичните потреби на своите клиенти. Уште една голема можност е сведувањето на минимум до конечна целосна елиминација на рачното внесување на податоци и на тој начин подобрување на точноста на информациите. Со користење на GS1 Стандардите како свој стандарден јазик на бизнисот, Кристал е целосно уверен во точноста на информациите и координираноста на процесите кои зависат од нив.

**Crystal иницираше голем проект за поттикнување на стандардизираните процеси кои се потпираат врз електронската размена на податоци (EDI), како и усогласен пристап за постигнување и одржување на квалитет на податоците.**




## Новите процеси

Над десет години, Crystal користи процесирање базирано врз EDI овозможено преку GS1 Стандардите со своите трговски партнери и клиенти за ефикасно подготвување и испорачување на нарачките, како и за управување со залихите.

Процесот се одвиваше на следниот начин:

- Во моментов, сите производи се едни уникатно идентификувани со GTIN, кодирани во GS1-13 баркод на етикетата на секоја единица производ. При транспорт на единиците, друг GS1 стандард се употребува - SSCC за идентификација на секоја логистичка единица долж целиот нејзин пат.
- Кристал го користи GDSN лиценцираниот LOGyCA/SYNC каталог на GS1 Колумбија, за размена на податоци за производите со своите трговски партнери, користејќи ги опциите на каталогот за пораки - Нотификација за Каталошка Единица, за секое додавање или бришење на единица или пак промена на цената. Кристал доби можност на ефикасно извршување на овие операции, особено додавањето на новите производи како одговор
- Потоа, продавачите на големо испраќаат до Crystal порака ORDER во EDIFACT / EANCOM – со детални порачки по продавница, секоја уникатно идентификувана со GLN и информации кои се бараат да стојат на етикетата на секој привод. Нарачката се прима преку VAN (Value Added Network) и се интегрира во SAP кој генерира листа за подготовка на нарачка до Дистрибутивниот Центар на Кристал, каде што се генерираат етикети со бараните информации за секој производ, како и логистички етикети со SSCC за секоја транспортна единица (кутија).
- Симултано со електронските, физичките фактура и испратницата се генерираат во EDIFACT / EANCOM формат.
- На крајот, продавачите, ги разменуваат со Кристал нивните информации за продажбата и состојбата со залихите на дневна база.
- Кристал прави барање за испорака на конвенционален начин. Откако барањето е потврдено од страна на транспортерот, Кристал испраќа упатствата за превоз со користење на IFTMIN (Instruction Message) во EDIFACT / EANCOM формат, при што се наведени за секоја логистичка единица односните SSCC, комитентот за кого е наменета пратката, градот и точната локација на секоја продавница означена со сопствен GLN.



## Бизнис Бенефити

Поефикасните и унапредените процеси во синџирот на снабдување, на Кристал му донесоа опипливи бизнис бенефити. Следува резимето:

### Pricat (CIN)

- Заштеда на време преку креирање и ажурирање на портфолиото на производи во системите на клиентите.
- Подобрена точност на податоците преку елиминација на печатните грешки. Зголемување на сигурноста на базата на податоци и усогласување со трговски партнери.
- Значително намалување на бројот на кредитни и дебитни белешки предизвикани од неусогласеност на цените.
- Повисоко ниво на услугите преку подобрена пополнетост на базата на податоци и нивна усогласеност.

### Нарачка

- Подобрување на точноста на податоците преку елиминирање на печатни грешки.
- Намалено време до прием на нарачка.

### Испратница

- Намалено време до потврда на нарачката.
- Намалени трошоци на работна сила за клиентите.
- Намалување на времето и трошоците со поедноставување на имплементација на други најдобри практики, како што се сертифицираните испораки.
- Намалени грешки испраќање и прием, подобрување на точноста на залихите и услугите кон клиентите.
- Намалено време за чување на полиците за да се подобри достапноста на производот, што резултира со поголемо задоволството на клиентите и зголемување на приходите.

### Менаџирање со залихите и продажбата и на продажно-наплатните места

- Подобра информираност за однесувањето на производите на продажно-наплатните места за подобро планирање и реализација на плановите.
- Повеќе и подобри информации кои овозможуваат прецизно и точно предвидување на побарувачката, а со тоа и планирање на понудата.
- Оптимизирани и подобрени процеси на менаџмент на категориите во согласност со трендовите, реалнатата побарувачка и продажбата со голем обем.

### Автоматизација на дистрибутивните центри

- Подобрена видливост долж целиот синџир на снабдување со помош на GS1 Стандардите.
- Автоматизиран информатички систем кој овозможува следливост; вклучувајќи и идентификација и точно лоцирање на сите палети, кутии и производи на пат од производните погони до продавниците.
- Автоматизација на испораката и подобрена ажурираност на залихите.
- Оптимизација на продуктивноста на работната сила.
- Повисоко ниво на услугите и унапредување на односите кон партнерите и потрошувачите.
- Моментален пристап до онлајн информациите за достапните залихи и побрзо донесување на одлуки.
- Автоматска контрола на лице место за сигурно и конзистентно одвивање на процесите.

Сѐвкупно, Кристал постигна поголема компетитивност и конкурентност на пазарот, подобро позиционирање на компанијата и поголема вредност која им ја испорачува клиентите советува своите нови процеси тоа помогна да бидат поконкурентни и зголемент раст секоја последователна година.

> Кристал постигна поголема компетитивност и конкурентност на пазарот, подобро позиционирање на компанијата и поголема вредност која им ја испорачува клиентите советува своите нови процеси тоа помогна да бидат поконкурентни и зголемент раст секоја последователна година.



## Следни Чекори

Како дел од својата стратегија за постојани подобрувања, Кристал планира да развие дополнителни EDI-базирании документи во согласност со GS1 стандардите, како што се повратното известување, барањето за поврат на товар и известувањето за прием. Очекуваните придобивки вклучуваат намалување на времето за прием, поголема прецизност на квалитетот и квантететот на приемот и сигурен, безбеден и агилен процес на поврат.

Компанијата исто така прави истражување на користењето и придобивките од GS1 EPC базираната технологија на Радиофреквентната Идентификација (RFID) во своето работење, за да се обезбеди дури и подобра услуга на своите клиенти и потрошувачи.

## Заклучок

Преку унапредување на ефикасноста на процесите преку имплементација на GS1 стандардите, во Колумбија, Кристал продолжува да биде пионер и да ги применува глобално најдобрите практики. Компанијата значително ја унапреди размената на информации и комуникацијата – како интерно, така и со своите трговски партнери, имајќи го како највисок приоритет задоволството на партнерите во синџирот на снабдување и потрошувачите. Со користењето на GS1 Системот на Стандарди Кристал го докажува разбирањето на вредноста на користењето на овој глобален деловен јазик како заеднички деловен јазик во рамките на својот бизнис и долж целиот синџир на снабдување.

Благодарност до :

© Copyright 2014 GS1 AISBL - GS1 is a registered trademark of GS1 AISBL